Diploma Programme
Programme du diplôme
Programa del Diploma

# Macedonian A: literature – Higher level – Paper 1
# Macédonien A : littérature – Niveau supérieur – Épreuve 1
# Macedonio A: literatura – Nivel superior – Prueba 1

Wednesday 10 May 2017 (afternoon)
Mercredi 10 mai 2017 (après-midi)
Miércoles 10 de mayo de 2017 (tarde)

2 hours / 2 heures / 2 horas

---

### Instructions to candidates

- Do not open this examination paper until instructed to do so.
- Write a literary commentary on one passage only.
- The maximum mark for this examination paper is **[20 marks]**.

### Instructions destinées aux candidats

- N’ouvrez pas cette épreuve avant d’y être autorisé(e).
- Rédigez un commentaire littéraire sur un seul des passages.
- Le nombre maximum de points pour cette épreuve d’examen est de **[20 points]**.

### Instrucciones para los alumnos

- No abra esta prueba hasta que se lo autoricen.
- Escriba un comentario literario sobre un solo pasaje.
- La puntuación máxima para esta prueba de examen es **[20 puntos]**.

2217 – 0129



© International Baccalaureate Organization 2017

International Baccalaureate
Baccalauréat International
Bachillerato Internacional

https://xtremepape.rs/

Направете литературна анализа на само **еден** од извадоците:

**1.**

**Победата на ханот**

Историските факти за настанот се мешаат со она што го кажува степскиот ветер кога дува преку бескрајната татарска степа; се разбира тој е друго име за легендата, синоним. Така, легендата го враќа настанот два-три века поназад, за разлика од историјата. За волја на вистината и историските факти се недоволно сигурни, пред сè поради многуте векови изминати оттогаш. Меѓутоа, како главни актери на настанот секогаш се споменуваат следниве личности: стариот хан – Куџај хан, младиот хан Чибу хан, убавата Причу – најмладата и најсакана жена на стариот хан и уште безимениот поет. Но некои поединости и за актерите не се совпаѓаат. Така, негде се споменуваат дека Куџај хан бил мошне стар, а негде дека тој бил на мошне зрела возраст. Па се кажува дека тој бил убав Татарин, но и спротивно – дека бил грд, дури и куц. Затоа, пак, за Чибу хан сегде се кажува или наведува дека бил убав и навистина млад, дури мошне млад, дека „под носот црната мов штотуку почнала да му се засукува, згуснува, станувајќи црна како неговите очи“. За убавата Причу несовпаѓањата се однесуваат на бојата на нејзините очи; тие се споменуваат или како „зелени слични на тревата во степата на пролет“ или „сини како небото над степата на утро во лето“. Но без разлика во сите кажувања, или записи таа е многу, многу млада и несомнено најубава во целата татарска степа. И, најпосле, пак што се однесува за двајцата ханови се среќава и следново несовпаѓање: тие се споменуваат час како браќа, час како полубраќа. А уште и ова: додека поетот некогаш е само поет, другпат е и пејач и свирач, дури уште и шут, кловн или паљачо; ама секогаш е безимен… Но овие, и некои други разлики, сврзани со времето на случувањето на настанот, или во врска со неговите актери се разбирливи, затоа што малкуте записи од тоа далечно време се од различни запишувачи и од разни дистанци, а легендата исткаена од степскиот ветер е како и него – непостојана.

БОЈОТ. На настанот му претходеше битката меѓу стариот и младиот хан. Таа почна уште пред самата мугра – време доволно темно да не бидеш забележан од непријателот, а доволно прозрачно непријателот да може да се види и уништи. А времето, беше есенско, беше време среде есен поточно. А бидејќи напаѓачи беа војници на Чибу хан, тие и го почнаа бојот, откако претходно цела ноќ во забрзан од незабележани се беа доближиле до логорот на војската на Куџај хан. Така противникот беше целосно изненаден. Прва, молчешкум, во виорен галоп, јурна коњицата. Се слушаше само тупотењето на коњите и ударите на кривите татарски сабји врз изненадените војници на стариот хан. Веднаш по коњаниците јурнаа, исто така немо, пешаците и со мечевите и копјата им се придружија во „работата“. Во толку побеќе, целосно изненадениот непријател, викаше збунето, неартикулирано, сè додека поразен и тој не молкна. Затоа, пак, тогаш се чуја громогласните победнички извици на победителот вокои се славеше младиот Чибу хан и победата. Победата на Чибу хан и поразот на Куџај хан уште истиот ден степскиот ветер ги разнесе по бескрајната татарска степа.

https://xtremepape.rs/

ПО БОЈОТ. И легендите и записите се истоветни во следново: стариот хан Куџај хан, ранет, бил фатен, заробен и доведен кај победителот, Чибу хан, а по посебна заповед на младиот хан веднаш била пронајдена убавата Причу и исто така доведена кај него. Во меѓувреме настанало големо славје кај победителите, нивниот молк во кој ја свршија „работата", по бојот се претворил во ерупција од победнички извици, пиење, беснеење и „секаква разузданост" сѐ до пладне. Тогаш, дошла заповед на Чибу хан, која како со нож го пресекла сето тоа. Одново настанала тишина наоколу. И во таа тиштина, стариот хан бил погубен јавно. Еден снажен Татарин со голема крива татарска сабја на трупец му ја пресекол главата, откако претходно тој одбил да моли милост за себе од младиот хан – неговиот брат или полубрат. Пред да ја крене џелатот кривата сабја само кратко рекол: „За земјата е подобро еден отколку два господара… Чибу хан, брате, сакам да бидам закопан во нашата степа". За сето тоа време, до Чибу хан стоела убавата и млада Причу, најмладата и најсакана жена на поразениот стар хан. На нејзиното прекрасно лице ништо не можело да се прочита, како ни во нејзините зелени, или небесно сини очи. А пред и за време на погубувањето на ханот на небото над логорот и над степата беа свиснале тешки есенски облаци. Малку подоцна втурил дожд, измешан со силен ветер.

Петар Костов, www.blesok.com (2003)



https://xtremepape.rs/

**2.**

**ПРЕЛЕПА ЦЕРКОВ**

Смири се, веќе, ти страшна ѕверко!
Не завивај, стрвно, прегладнет волку!
Сломено срце, ти, прастара болко,
биди ми олтар на прелепа церков!

Да идам јас таму, во мракот стаен,
да тонам долго во мирис на темјан
за сите скрбни на оваа земја
за се што било а нејќело да е.

И нека се лее, од амвонот, горе,
нека ги повива нашите рани,
нека се гласи на сите страни

благословје верно за сите морни,
за сите кои, под власта твоја
не нашле радост за болката своја.

Атанас Вангелов, *Прелепа церков* (2002)

https://xtremepape.rs/